РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-362/3
23.01.2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА

**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Единица на локална самоуправа | Општина Крива Паланка |
| Изработил (име, презиме и функција) | Лидија Митовска, Координаторка за еднакви можности на жените и мажите |
| Период на известување | 01. 01. 2022 – 31.12.2022 |
| Датум на поднесување на извештајот | 23.01.2023 |

Име и презиме Сашко Митовски, Градоначалник
(Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)

Дата, 23.01.2023

Потпис:
Градоначалник, Сашко Митовски

Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика

Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот):

Потпис:

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ :

2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)

А) Позитивни
Б) Охрабрувачки
В) Програмски

2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:
А) Позитивни:

Родова сензибилираност на локалните политики и плански и развојни документи на општината

односно вклучување на родовиот концепт во сите свери на стратешкопто планирање и функционирање на општината.

**Б) Охрабрувачки:**
- Градење на капацитети кај граѓаните за препознавање на дискриминацијата и нееднаквиот третман врз основа на пол.
-Подигнување на правната писменост на граѓаните со цел унапредување на правната заштита во случај на повреда на нивните права.

**В) Програмски:**

Во делот на програмски мерки кои Општина Крива Паланка ги има превземено во 2022 г.се:
Интегрирање на родовата перспектива во краткоточното и долгорочно планирање (стратешко планирање и оперативно програмирање) на локалните политики и буџетската алокација на средства во општината:
- Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и стратешките развојни документи на општината.
- Интегрирање на родовата перспектива при креирање на буџетските политики.

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

**А) Позитивни:**
Со внесувањето на концептот на родова еднаквост во стратешкото планирање ги воспоставивме основите за годишните оперативни програмирања и буџетирања во општината. Овој концепт е дел од националната политика на државата, изразена како преку Уставот така и преку законските решенија што се на сила, а кои ја обезбедуваат овозможувачката околина за воведување на начелото на вклучување на родот во сите сфери на општествениот живот.

**Б) Охрабрувачки:**
**Б1.** Подобрена информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност. Препознавање на дискримнацијата врз основа на пол (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право.
**Б2.** Зајакнати и оспособени капацитетите на КЕМ и знаењата на локалната власт и локалната заедница, што ќе резултира со повисоко ниво на родова рамноправност во заедницата.
**Б3.** Обезбеден пристап до информациии за родова рамноправност во локалната заедница-редовно беа публицирани информации преку дистрибуција на печатени материјали во општинскиот центар за услуги, веб страната на општината и други форми.

**В) Програмски:**

Една од главните програмски цели а со тоа и главните задачи на општината во 2022г. беа насочени кон целосно вклучување на родовата димензија, родово сензибилизирано транспарентно и инклузивно стратешко планирање, годишно програмирање и буџетирање, при што главен императив е креирање на транспарентни и инклузивни родово одговорни локални политики и донесувањето на родово одговорни одлуки во сите свери на функционирањето на општината, за таа цел:

- ✓ Подготвивме и усвоивме „**Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027,,**
- ✓ Се подготвени и усвоени од Советот на Општината 14 годишни- оперативни буџетски програми за 2023 година кои се родово одговорни ( со родово сензитивен јазик, родово одговорни индикатори) со родово одговорна алокација на буџетските средства за 2023 година.
- ✓ Подготвен и усвоен **РОДОВО ОДГОВОРЕН БУЏЕТ НА ОПШТИНАТА ЗА 2023** година.

**2.4 Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

Родови аутпут индикатори за следење на успешноста и напредокот на мерките се предвидени во „Родово одговорната СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027„ Локалниот акциски план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка 2021-2023 и Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2022.

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**

**Документите се наоѓаат на следните линкови:**

1. **„Родово одговорната СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027„**

**ttps://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/Strategija-Rod-Ed-Opstina-Kriva-Palanka_03-3.pdf**

2. **Локалниот акциски план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка 2021-2023** **https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2021/02/Lokalen-akciski-plan-za-rodova-ramnopravnost-21-23.pdf**
3. **Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2023.**

**https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2023/01/Programa-za-aktivnostite-na-Opshtina-Kriva-Palanka-vo-oblasta-na-ednakvite-mozhnosti-za-2023-godina.pdf**

4. **Извештај „Родово одговорен буџетски форум 2022 – 2023„**

**https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/Budjetski-forum-Kr.-Palanka-I-izvestaj.pdfж**

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС** (согласно член 11 од ЗЕМ):

Општина Крива Паланка во текот на 2022 година соработуваше со регионалниот проект на UNWomen, ООН со канцеларија во Скопје за „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија". Како резултат на оваа соработка, стручна експертиза и менторство Општина Крива Паланка ја реализира една од главните програмски цели за 2022 година а тоа е целосно вклучување на родовата димензија, родово сензибилизирано транспарентно и инклузивно стратешко планирање, програмирање и буџетирање, при што главен императив е креирање на транспарентни и инклузивни родово одговорни локални политики и донесувањето на родово одговорни одлуки во сите сфери на функционирањето на општината, за таа цел:

- ✓ Подготвиме и усвоиме **„Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027„**
- ✓ **Сите усвоени од Советот на Општината, општински годишни оперативни буџетски програми за 2023 година** се родово сензитивни ( со родово сензитивен јазик, родово одговорни индикатори) со родово одговорна алокација на буџетските средства за 2023 Година.

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

- ✓ **Целосно вметната родовата компонента во севкуното работење**

Воведувањето на родовиот концепт во стратешкото (долгорочно) и годишното (краткорочно) оперативно планирање, програмирање и буџетирање е процес со кој се стремиме да обезбедиме жените и мажите да имаат еднаква улога во донесувањето одлуки за развојот на заедницата, односно да имаат еднаков пристап и контрола врз ресурсите и да уживаат еднаква добробит од развојот и подобрувањето на условите за живот во општината.

---

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**

- ✓ Родово одговорни индикатори за следење на успешноста и напредокот на мерката се предвидени во акцискиот план на ,,Родово одговорната СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027,, годишната оперативна програма за активностите на општината во областа на еднакви можности за 2022г., во Акцискиот план за родова рамноправност 2021 -2023 г. и акциските планови, годишните оперативни буџетски програми на општината за 2023 година.
- ✓ Линк - https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2021/02/Lokalen-akciski-plan-za-rodova-ramnopravnost-21-23.pdf
- ✓ Линк - https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/Strategija-Rod-Ed-Opstina-Kriva-Palanka_03-3.pdf
- ✓ Линк - https://www.krivapalanka.gov.mk/dokumenti/programi2023

○ **Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

- ✓ Локален акциски план за родова рамноправнист 2021-2023
- ✓ ,,Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027,,
- ✓ Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2022 година.
- ✓ Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2023 година.

**2.9. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

**ДА**

Во текот на 2022 година беше продолжена соработката со телото на Организацијата на Обединети Нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women ) во рамки на регионалниот проект „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија".

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**

*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

**Прилог 1 – табела**

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**

*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

Link- Линк - https://www.krivapalanka.gov.mk/dokumenti/programi2023

**2.12. Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**

ДА

1. **Локалниот акциски план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка 2021-2023 https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2021/02/Lokalen-akciski-plan-za-rodova-ramnopravnost-21-23.pdf**
2. **Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2022.**

**2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**

**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**

Во текот на извештајниот период ЕЛС ги реализираше активностите согласно годишната оперативна програма на Општина Крива Паланка за 2022г. за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности, која е во дирекна корелација со акциониот план на општината за еднакви можности на жените и мажите 2021 – 2023 година.

Во годишната оперативна ***Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2022 г.*** **а со цел етаблирање на патот на родова рамноправност во општината беа дефинирани стратешките области на работа и цели за 2022 година.**

Согласно дефинираните стратешките области за работа за 2022 година беа реализирани активности во насока на исполнувањето на дефинираните цели и тоа:

1. Едукација и информирање на граѓаните и сите чинители за правната рамка и институционалната заштита на основните човекови права. Акцентот беше ставен на препознавање на дискримнацијата врз основа на пол (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право.

2. Една од главните програмски цели а со тоа и главните задачи на општината за 2022г. се насочени кон целосно вклучување на родовата димензија, родово сензибилизираното стратешко планирање, програмирање и буџетирање, при што главен императов е креирање на транспарентни и инклузивни родово одговорни локални политики и донесувањето на родово одговорни одлуки во сите свери на функционирањето на општината, за таа цел:

✓ Подготвивме и усвоивме **„Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027„**

Стратегиското планирање претставува демократски метод за формирање на визијата и мисијата на една општина, сè со цел постигнување на нејзината посакувана иднина. Една од клучните активности во насока на етаблирање на родовата еднаквост во креирањето на локалните политики и носењето на одлуки е вклучување на родовата компонента во стратегиското планирање на општината.

Со внесувањето на концептот на родова еднаквост во стратешкото планирање ги воспоставивме основите за годишните оперативни програмирања и буџетирања во општината. Овој концепт е дел од националната политика на државата, изразена како преку Уставот така и преку законските решенија што се на сила, а кои ја обезбедуваат овозможувачката околина за воведување на начелото на вклучување на родот во сите сфери на општествениот живот. Сепак овие политики, за да имаат влијание врз благосостојбата и унапредувањето на животот на граѓаните, треба да бидат проследени и со насочени интервенции на локално ниво, кои, доколку постојано се спроведуваат, ќе доведат и до видливи промени. Општините, како ниво на власт што е најблиско до граѓаните, ја имаат најдобрата можност но и законска обврска и одговорност да придонесат за состојбата на жените и мажите во заедницата и директно да влијаат во насока на подобрување.

Затоа, воведувањето на родовата перспектива во Стратегијата за одржлив развој на општина

Крива Паланка 2022-2027, е процес што се стреми да обезбеди жените и мажите да имаат еднаква улога во донесувањето одлуки за развојот, односно да имаат еднаков пристап и контрола врз ресурсите и да уживаат еднаква добробит од развојот.

Процесот на изготвување на Стратегијата беше партиципативен и транспарентен со вклучување на сите клучни засегнати страни и со посебен фокус на родовата интеграција во сите аспекти на процесот. Беше формирано повеќесекторско тело, кое работеше низ дефиниран процес на истражување, систематизација на податоци и подготовка на работна верзија што минува низ форумскиот процес како најцелисходна алатка за вклучување на граѓаните/ките во креирање на локалните политики и носењето на одлуки.

Избраната методологија го користеше пристапот „од долу нагоре (bottom up) и процесот на изработка го организираше во циклус од работилници и консултации со сите засегнати страни од локалната заедница, градоначалникот, општинската администрација и советот и во периодот меѓу работилниците и во завршната подготовка на документот. Работилниците имаа за цел да ја вклучат пошироката заедница и од нив да се обезбедат податоци, ставови и идеи, кои ќе се вградат во развојниот процес на изработка на документот. Консултациите, пак, се однесуваа и беа насочени кон добивање дополнителни информации, ставови и идеи од учесниците на работилниците и преку нив од локалното население заради посеопфатно и структурирано искористување на општинските капацитети, знаења и вештини во дефинирање на стратегиските цели, усвојување на родово одговорни политики и родово сензибилизирани стратешки и развојни документи на општината.

Стратегиската мисија на општината е спроведување на родово одговорни мерки и програми за ставање во функција на сите локални расположливи ресурси, со цел обезбедување одржлив развој и подобрување на квалитетот на живеење на локалното население.

Потоа следуваше вклучување на родовиот концепт во процесот на краткорочното планирање, односно годишно оперативно креирање на буџетот, локалните политики и годишните оперативни програми и проекти во општината.

**Со инкорпорирање на родовиот концепт во стратешкото планирање, го трасиравме патот за** вклучување на родовиот концепт во процесот на краткорочното планирање, односно годишно оперативно креирање на буџетот, локалните политики и годишните оперативни програми и проекти во општината, преку кои треба да се ефектуира „**Родово одговорната СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027,,**

Се подготвени и усвоени од Советотна Општината 14 годишни- оперативни буџетски програми за 2023 година кои се родово одговорни ( со родово сензитивен јазик, родово одговорни индикатори) со родово одговорна алокација на буџетските средства за 2023 година и тоа:

- **Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2023г.**
- **Програма за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година;**
- **Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2023 година;**
- **Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2023 година;**
- **Програма за активностите за млади на Општина Крива Паланка за 2023 година;**
- **Програма за работа на локалниот младински совет на Општина Крива Паланка за 2023 година;**
- **Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2023 година;**
- **Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година во Општина Крива Паланка;**
- **Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2023 година;**
- **Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2023 година;**
- **Програма за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2023 година;**
- **Програма за животна средина на Општина Крива Паланка за 2023 година;**
- **Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2023**

година;

- **Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка;**

1. **Годишни оперативни програми на општината за 2023 г.**

**Линк: https://www.krivapalanka.gov.mk/dokumenti**

✓ Општина Крива Паланка спроведе ***РОДОВО ОДГОВОРЕН БУЏЕТСКИ ФОРУМ*** за подготовка на буџетот на општината за 2023 година.

Низ транспарентен начин се спроведе родово одговорно годишно планирање и буџетирање согласно стратешките развојни приоритети на општината утврдени во Родово одговорната Стратегија за одржлив развој (2022-2027) на општината.
Директните учесници во форумскиот процес вклучително и општинскста администрација преку обука и стручна и практична експертиза се запознаа и станаа свесни за потребата од вкорпорирање на родовата интеграција во програмирањето на локално ниво. Вклучително и процесите на родова анализа, родова статистика, мониторинг и евалуација.

Од презентациите учесниците на Форумот се запознаа, од најосновите поими и разлики помеѓу род и пол, па се до постоечките правни рамки за Родова Еднаквост како и што всушност е Родово одговорен буџет.

Преку видео примери пак од Данска присутните можеа да видат практична примена на родово одговорни одлуки и политики донесени од страна на општинските власти. Посебен акцент се стави на родовата социјализација затоа што таа се учи од најмала возраст и има директно влијае на родовата еднаквост помеѓу мажите и жените во општеството.

Со што се придонесе за јакнење на капацитетите и знаењата на локалната власт и локалната заедница, што ќе резаултира со повисоко ниво на родова рамноправност во заедницата.

Родово одговорниот буџетски форумски процес се реализираше во месец ноември. Во периодот од 01.11 до 30.11.2022 година во Општина Крива Паланка се одржаа четири форумски сесии. При што учесниците беа запознаени и директно водени низ процесот на родова анализа и внесување на родовиот концепт во буџетските предлози. Општина Крива Паланка е прва меѓу единиците на локална самоуправа во Република Северна Македонија која реализираше родово одговорен буџетски форум. Која како добра позитивна практика е препознаена и презентирана и на регионален (меѓудржавен) форум. Од ЗЕЛС пак нашата процедура за подготовка на годишните буџетски оперативни програми, како позитивна практика побараа согласност да биде презентирана и споделена на другите општини.
**Првата форумска сесија** се одржа на 01.11.2022г.
На **првата форумска сесија** присуствуваа вкупно 69 граѓани од кои 45 жени и 24 мажи.
Првата форумска сесија, беше конципирана и организирана како работилница од два дела. Во првиот дел беше организирана обука за граѓаните-учесници на форумот, со цел да се запознаат со поимот родово одговорно програмирање и буџетирање, неговото значење и зошто тоа е потребно.
**Втората форумска сесија** се одржа на 11.11.2022г.
На **втората форумска сесија** присуствуваа вкупно 54 граѓани од кои 39 жени и 15 мажи. На оваа сесија граѓаните дадоа вкупно 45 предлози во рамки на 6 родово одговорни оперативни годишни програми, кои беа презентирани и дискутирани на форумот.
**Третата форумска сесија** се одржа на 22.11.2022г.
На **третата форумска сесија** присуствуваа вкупно 51 граѓани од кои 37 жени и 14 мажи. На оваа сесија беа дадени вкупно 45 предлози од граѓаните во рамки на 7 родово одговорни оперативни годишни буџетски програми, кои беа презентирани и дискутирани на форумот.
**Четвртата форумска сесија** се одржа на 29.11.2022г. место:
На **четвртата форумска сесија** присуствуваа вкупно 55 граѓани од кои 39 жени и 16мажи. На оваа форумска сесија, граѓаните приоретизираа 48 родово одговорни предлози, проекти и бодуваа 13 родово одговорни буџетски програми на Општина Крива Паланка за 2023 година, кои беа предмет на расправа на форумските сесии .

Сите оперативни годишни буџетски програми на општината за 2023 година се родово одговорни, што значи дека во нивната основа е застапен родовиот концепт и анализа за

различните потреби и приоритети на мажите и жените, бидејќи сите ние сме еднакви но различни, со различни потреби и приоритети.

**Процесот резултираше со усвојување на „РОДОВО ОДГОВОРЕН ОПШТИНСКИ БУЏЕТ ЗА 2023 г.„ во консултација со граѓаните/ките .**

Нашиот главен императив е да со Буџетот на општината за 2023 година, одговориме на потребите и на жените и на мажите, и на децата и на пензионерите, и на младите и старите. Клучна е свеста, дека само заеднички, жени, мажи, различни по какви било основи, но сплотени во определбата за еднаквост, можеме да градиме и да изградиме заедница на еднакви граѓанки и граѓани.

3. Подобрени локалните капацитети на Комисијата за еднакви можности и општинската администрација со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница.

Во насока на јакнење на капацитетите на клучните чинители за промовирање на еднаквите можности, а како дел од активностите во рамки на проектот *Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија* беше одржана работилница со цел промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите на која требаше да учествуваат членови на Комисијата за еднакви можности, членовите на интерсекторската работна група и други вработени од општината. Координаторката и претставници од општината ( општинската администрација) во 2022 година земаа учество и на семинари, состаноци, панел дискусии, и други обуки поврзани со правото на еднакви можности и дискриминација.

Во текот на 2022 година беше продолжена соработката со телото на Организацијата на Обединети Нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women ) во рамки на регионалниот проект „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија", со што беа зајакнати и опсособени капацитетите и знаењата на локалната власт и локалната заедница, што ќе резаултира со повисоко ниво на родова рамноправност во заедницата.

4. Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност:

Редовно беа публицирани информации преку дистрибуција на печатени материјали во општинскиот центар за услуги, веб страната на општината и други форми.

5. **Подготовка на Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2023г. и нејзино усвојување од Советот на Општината.**

**Координаторката согласно** „ЛОКАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА 2021 – 2023„ ја подготви годишната оперативна буџетска програма за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година.

**Линк: https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2023/01/Programa-za-aktivnostite-na-Opshtina-Kriva-Palanka-vo-oblasta-na-ednakvite-mozhnosti-za-2023-godina.pdf**

**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**

- Број на спроведени обуки / Број на учеснички/ учесницина настаните;
- Број и форма на дисеминирани информации од областа на еднаквите можности;

**г) колку средства се одвоени од буџетот на општинатаа а колку од донации?**

Со програмата за еднакви можности за 2022 година е предвиден вкупен буџет од

140000,00 денари. Но од буџетот на општината за сите претходно наведени задачи/активности кои ги реализиравме во текот на 2022 година, не потрошивме ниту денар бидејќи сите потребни финансиски средства кои се неколку пати поголеми од предвидените со програмата, ги обезбедивме од буџет од UN Women, односно сите активности ги реализиравме во соработка со канцеларијата на UN Women со седиште во Скопје, плаќањата се извршени од нивна страна така да немаме конкретна информација за цената на чинење.
Како координаторка за еднакви можности на жените и мажите од свое име и од име на општината упатувам голема благодарност до канцеларијата на UN Women во Скопје за нивната голема, експерска, менторска и финансиска подршка која ја имавме во претходниот период. Без UN Women денес тешко дека ќе бевме таму кај што сме.

Ви благодарам UN Women!

**Прилог: Извештај бр. 08-362/1, 23.01.2023г.**
https://www.krivapalanka.gov.mk/izveshtai

**2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**

Не

**2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**

**1. Обука за родово одговорни политики и унапредување на родовата еднаквост,**
**. а) слушател/слушателка**
**б) обучувач/обучувачка**

**2.16 Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн).**
**Координаторот за еднакви можности има посетено:**

- ✓ Родова еднаквост и недискриминација,
- ✓ Трговија со луѓе, семејно насилство
- ✓ Родова еднаквост и социјална заштита итн.

**2.17. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**
**Ве молиме опишете / Нема воспоставено метод или системи во општината за пренесување на знаења.**

**а. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

**За текот на извештајниот период до Советот на Општина Крива Паланка имаме доставено на расправа и освојување:**

1 .Годишната оперативна програма за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година.
2.,,Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027,,
**3.Општински годишни оперативни буџетски програми за 2023 година** кои се родово сензитивни ( со родово сензитивен јазик, родово одговорни индикатори) со родово одговорна алокација на буџетските средства за 2023 година.
**4.Родово одговорен инклузивен буџет на општината за 2023 година.**

**2.18. Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**

Сите 4 во претходното поглавје наброени иницијативи/ документи се прифатени и усвоени од Советот на Општината

## 1. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**
**Прилог – П 8.3/3 процедура за планирање, изработка донесување и реализација на годишни оперативни програми**

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

a. **Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кои што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Клучната област согласно **Акцискиот план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка 2021 – 2023** на која ќе ги насочиме активностите и интензивираме работата и во 2023 година за унапредување на состојбата со родовата рамноправност е:

- **Родово одговорно стратешко планирање, годишно програмирање и буџетирање**

Основните цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднакви можности за 2023 година се:

1. Обезбедување на континуитет и одржливост на процесот на интегрирање на родовата перспектива во стратешко планирање и оперативно програмирање на локалните политики и буџетската алокација на средства во општината и во 2023 година, зошто секогаш може и повеќе и подобро, целта е да го зачуваме и потврдиме постигнатото од 2022 г. но и да го унапредиме, главен императив е да вклучувањето на родовата димензија во сите сфери во општината во иднина остане едно од клучните правила на добро локално управување .

2. Одржливо и континуираното јакнење на локалните капацитети (Комисијата за еднакви можности, општинската администрација, НВО и други засегнати страни) со цел одржување, подигање и унапредување на родовата рамноправност во пошироката локална заедница.

3. Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност.

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**
Комисијата за еднакви можности ( КЕМ) - , како постојано работно тело при Советот на Општина Крива Паланка е утврдена со Статутот на Општина Крива Паланка од 2006г. Мандатот на КЕМ како и на другите постојани работни тела – комисии при Советот на општината е четири години. Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е во состав од пет члена од кои 3 члена се жени и 2 мажи

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол / 3 жени и 2 мажи**
**б) Образование / 3 високо образование/ 2 средно образование**
**в) Етничка припадност/ македонци**
**г) Припадност на политичка партија**

- СДСМ и коалицијата/ 3
- ВМРО ДПМНЕ и коалицијата / 2

5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:

а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа

б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа

в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа

КЕМ во периодот на известување во секој еден документ и предлог пред да биде усвоен од Советот, имаше увид,членовите имаа свои видувања и предлзои, некои од нив беа и учесници на настаните, но за жал поради немање на кворум КЕМ не успеа да ги одржи планираните и закажани седници во текот на 2022г. Но како Членови на Советот на Општината активно учествува во креирањето на политиките и донесувањетона одлуките за адресираните прашања под (а,б и в) точките.

5.2.Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?

Официјално нема поради неодржување на планираните седници, но неофицијално членови од КЕМ се инволвирани во сите предлози кои беа доставени и усвоени од Советот на Општината во текот на 2022г.

5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?

Нема/нема пракса во општината да Комисиите при Советот на Општината изготвуваат сопствени програми тие работат согласно Програмата за работа на Советот.

5.5.Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.

КЕМ во текот на извештајниот период има закажано 4 состаноци, но ниту еден од закажаните состаноци не се има одржано поради немање на кворум.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

6.1 Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:

а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС. Преку ЗЕЛС точно да се утврдат и унифицираат задачите, надлежностите но и овластувањата за координаторите во согласност со Законот за еднакви можности. политики/програми.

МТСП да има координација со Министерството за финансии во делот на донесување на законски или подзаконски акти во делот на буџетот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-362/1
23.01 2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ЗА 2022 ГОДИНА НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените, претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок.
Како локална власт преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални,национални и меѓународни фактори, согласно нашите можности се трудиме да превземаме конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање на вистинско еднакво општество.
Комисијата за еднакви можности (КЕМ), како постојано работно тело при Советот на Општина Крива Паланка е утврдена со Статутот на Општина Крива Паланка од 2006г. Мандатот на КЕМ како и на другите постојани работни тела – комисии при Советот на општината е четири години.

Во годишната оперативна ***Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2022 г.* а со цел етаблирање на патот на родова рамноправност во општината беа дефинирани стратешките области на работа и цели за 2022 година.**

Согласно дефинираните стратешките области за работа за 2022 година беа реализирани активности во насока на исполнувањето на дефинираните цели и тоа:

1. Едукација и информирање на граѓаните и сите чинители за правната рамка и институционалната заштита на основните човекови права. Акцентот беше ставен на препознавање на дискримнацијата врз основа на пол (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право.

2. Една од главните програмски цели а со тоа и главните задачи на општината за 2022г. се насочени кон целосно вклучување на родовата димензија, родово сензибилизираното стратешко планирање, програмирање и буџетирање, при што главен императов е креирање на транспарентни и инклузивни родово одговорни локални политики и донесувањето на родово одговорни одлуки во сите свери на функционирањето на општината, за таа цел:

✓ Подготвивме и усвоивме **,,Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027,,**

Стратегиското планирање претставува демократски метод за формирање на визијата и мисијата на една општина, сè со цел постигнување на нејзината посакувана иднина. Една од клучните активности во насока на етаблирање на родовата еднаквост во креирањето на локалните политики и носењето на одлуки е вклучување на родовата компонента во стратегиското планирање на општината.

Со внесувањето на концептот на родова еднаквост во стратешкото планирање ги воспоставивме основите за годишните оперативни програмирања и буџетирања во општината. Овој концепт е дел од националната политика на државата, изразена како преку Уставот така и преку законските решенија што се на сила, а кои ја обезбедуваат овозможувачката околина за воведување на начелото на вклучување на родот во сите сфери на општествениот живот. Сепак овие политики, за да имаат влијание врз благосостојбата и унапредувањето на животот на граѓаните, треба да бидат проследени и со насочени интервенции на локално ниво, кои, доколку постојано се спроведуваат, ќе доведат и до видливи промени. Општините, како ниво на власт што е најблиско до граѓаните, ја имаат најдобрата можност но и законска обврска и одговорност да придонесат за состојбата на жените и мажите во заедницата и директно да влијаат во насока на подобрување.

Затоа, воведувањето на родовата перспектива во Стратегијата за одржлив развој на општина Крива Паланка 2022-2027, е процес што се стреми да обезбеди жените и мажите да имаат еднаква улога во донесувањето одлуки за развојот, односно да имаат еднаков пристап и контрола врз ресурсите и да уживаат еднаква добробит од развојот.

Процесот на изготвување на Стратегијата беше партиципативен и транспарентен со вклучување на сите клучни засегнати страни и со посебен фокус на родовата интеграција во сите аспекти на процесот. Беше формирано повеќесекторско тело, кое работеше низ дефиниран процес на истражување, систематизација на податоци и подготовка на работна верзија што минува низ форумскиот процес како најцелисходна алатка за вклучување на граѓаните/ките во креирање на локалните политики и носењето на одлуки.

Избраната методологија го користеше пристапот „од долу нагоре (bottom up) и процесот на изработка го организираше во циклус од работилници и консултации со сите засегнати страни од локалната заедница, градоначалникот, општинската администрација и советот и во периодот меѓу работилниците и во завршната подготовка на документот. Работилниците имаа за цел да ја вклучат пошироката заедница и од нив да се обезбедат податоци, ставови и идеи, кои ќе се вградат во развојниот процес на изработка на документот. Консултациите, пак, се однесуваа и беа насочени кон добивање дополнителни информации, ставови и идеи од учесниците на работилниците и преку нив од локалното население заради посеопфатно и структурирано искористување на општинските капацитети, знаења и вештини во дефинирање на стратегиските цели, усвојување на родово одговорни политики и родово сензибилизирани стратешки и развојни документи на општината.

Стратегиската мисија на општината е спроведување на родово одговорни мерки и програми за ставање во функција на сите локални расположливи ресурси, со цел обезбедување одржлив развој и подобрување на квалитетот на живеење на локалното население.

Потоа следуваше вклучување на родовиот концепт во процесот на краткорочното планирање, односно годишно оперативно креирање на буџетот, локалните политики и годишните оперативни програми и проекти во општината.

**Со инкорпорирање на родовиот концепт во стратешкото планирање, го трасиравме патот за** вклучување на родовиот концепт во процесот на краткорочното планирање, односно годишно оперативно креирање на буџетот, локалните политики и годишните оперативни програми и проекти во општината, преку кои треба да се ефектуира **,,Родово одговорната СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027,,**

Од страна на општинската администрација во соработка со координаторката за еднакви можности и претседателот на интерсекторската работна група за родово одговорно стратешко планирање и буџетирање се подготвени и усвоени од Советотна Општината 14 годишни- оперативни буџетски програми за 2023 година кои се родово одговорни ( со родово сензитивен јазик, родово одговорни индикатори) со родово одговорна алокација на буџетските средства за 2023 година и тоа:

- Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2023г.
- Програма за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година;
- Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2023 година;
- Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2023 година;
- Програма за активностите за млади на Општина Крива Паланка за 2023 година;
- Програма за работа на локалниот младински совет на Општина Крива Паланка за 2023 година;
- Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2023 година;
- Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година во Општина Крива Паланка;
- Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2023 година;
- Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2023 година;
- Програма за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2023 година;
- Програма за животна средина на Општина Крива Паланка за 2023 година;
- Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2023 година;
- Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка;

1. **Годишни оперативни програми на општината за 2023 г.**

**Линк: https://www.krivapalanka.gov.mk/dokumenti**

✓ Општина Крива Паланка спроведе **"РОДОВО ОДГОВОРЕН БУЏЕТСКИ ФОРУМ"** за подготовка на буџетот на општината за 2023 година.

Низ транспарентен начин се спроведе родово одговорно годишно планирање и буџетирање согласно стратешките развојни приоритети на општината утврдени во Родово одговорната Стратегија за одржлив развој (2022-2027) на општината.
Директните учесници во форумскиот процес вклучително и општинскста администрација преку обука и стручна и практична експертиза се запознаа и станаа свесни за потребата од вкорпорирање на родовата интеграција во програмирањето на локално ниво. Вклучително и процесите на родова анализа, родова статистика, мониторинг и евалуација.

Од презентациите учесниците на Форумот се запознаа, од најосновите поими и разлики помеѓу род и пол, па се до постоечките правни рамки за Родова Еднаквост како и што всушност е Родово одговорен буџет.

Преку видео примери пак од Данска присутните можеа да видат практична примена на родово одговорни одлуки и политики донесени од страна на општинските власти. Посебен акцент се стави на родовата социјализација затоа што таа се учи од најмала возраст и има директно влијае на родовата еднаквост помеѓу мажите и жените во општеството.

Со што се придонесе за јакнење на капацитетите и знаењата на локалната власт и локалната заедница, што ќе резаултира со повисоко ниво на родова рамноправност во заедницата.

Родово одговорниот буџетски форумски процес се реализираше во месец ноември. Во периодот од 01.11 до 30.11.2022 година во Општина Крива Паланка се одржаа четири форумски сесии. При што учесниците беа запознаени и директно водени низ процесот на родова анализа и внесување на родовиот концепт во буџетските предлози. Општина Крива Паланка е прва меѓу единиците на локална самоуправа во Република Северна Македонија која реализираше родово одговорен буџетски форум. Која како добра позитивна практика е препознаена и презентирана и на регионален (меѓудржавен) форум. Од ЗЕЛС пак нашата процедура за подготовка на годишните буџетски оперативни програми, како позитивна практика побараа согласност да биде презентирана и споделена на другите општини.
Сите оперативни годишни буџетски програми на општината за 2023 година се родово одговорни, што значи дека во нивната основа е застапен родовиот концепт и анализа за различните потреби и приоритети на мажите и жените, бидејќои сите ние сме еднакви но различни, со различни потреби и приоритети.

**Првата форумска сесија** се одржа на 01.11.2022г.
На **првата форумска сесија** присуствуваа вкупно 69 граѓани од кои 45 жени и 24 мажи.
Првата форумска сесија, беше конципирана и организирана како работилница од два дела. Во првиот дел беше организирана обука за граѓаните-учесници на форумот, со цел да се запознаат со поимот родово одговорно програмирање и буџетирање, неговото значење и зошто тоа е потребно.
**Втората форумска сесија** се одржа на 11.11.2022г.
На **втората форумска сесија** присуствуваа вкупно 54 граѓани од кои 39 жени и 15 мажи. На оваа сесија граѓаните дадоа вкупно 45 предлози во рамки на 6 родово одговорни оперативни годишни програми, кои беа презентирани и дискутирани на форумот.
**Третата форумска сесија** се одржа на 22.11.2022г.
На **третата форумска сесија** присуствуваа вкупно 51 граѓани од кои 37 жени и 14 мажи. На оваа сесија беа дадени вкупно 45 предлози од граѓаните во рамки на 7 родово одговорни оперативни годишни буџетски програми, кои беа презентирани и дискутирани на форумот.

**Четвртата форумска сесија** се одржа на 29.11.2022г. место:

На **четвртата форумска сесија** присуствуваа вкупно 55 граѓани од кои 39 жени и 16мажи. На оваа форумска сесија, граѓаните приоретизираа 48 родово одговорни предлози, проекти и бодуваа 13 родово одговорни буџетски програми на Општина Крива Паланка за 2023 година, кои беа предмет на расправа на форумските сесии .

**Процесот резултираше со усвојување на „РОДОВО ОДГОВОРЕН ОПШТИНСКИ БУЏЕТ ЗА 2023 г.,, во консултација со граѓаните/ките .**

**Линк: Извештај од родово одговорен буџетски форум**
**https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/Budjetski-forum-Kr.-Palanka-I-izvestaj.pdf**

Нашиот главен императив е да со Буџетот на општината за 2023 година, одговориме на потребите и на жените и на мажите, и на децата и на пензионерите, и на младите и старите. Клучна е свеста, дека само заеднички, жени, мажи, различни по какви било основи, но сплотени во определбата за еднаквост, можеме да градиме и да изградиме заедница на еднакви граѓанки и граѓани.

3. Подобрени локалните капацитети на Комисијата за еднакви можности и општинската администрација со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница.

Во насока на јакнење на капацитетите на клучните чинители за промовирање на еднаквите можности, а како дел од активностите во рамки на проектот "Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија" беше одржана работилница со цел промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите на која требаше да учествуваа членови на Комисијата за еднакви можности, членовите на интерсекторската работна група и други вработени од општината. Претседателката на КЕМ и претставници од општината ( општинската администрација) во 2022 година земаа учество и на семинари, состаноци, панел дискусии, и други обуки поврзани со правото на еднакви можности и дискриминација.

Во текот на 2022 година беше продолжена соработката со телото на Организацијата на Обединети Нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women ) во рамки на регионалниот проект „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија", со што беа зајакнати и оспособени капацитетите и знаењата на локалната власт и локалната заедница, што ќе резаултира со повисоко ниво на родова рамноправност во заедницата.

4. Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност:

Редовно беа публицирани информации преку дистрибуција на печатени материјали во општинскиот центар за услуги, веб страната на општината и други форми.

Како локална власт следејќи ја нашата долгорочна цел, да изградиме заедница што се базира на еднаквост, целосно ја земаме во предвид родовата димензија и ја вметнуваме во своите правила на управување, организација и практично работење

Свесни сме дека, како денес, а и во иднина, вистинската еднаквост помеѓу мажите и жените е исто така клучот за нашиот економски и социјален успех - не само на локално туку и национално ниво.

Со програмата за еднакви можности за 2022 година е предвиден вкупен буџет од 140000,00 денари. Но од буџетот на општината за сите претходно наведени задачи/активности кои ги реализиравме во текот на 2022 година, не потрошивме ниту денар бидејќи сите потребни финансиски средства кои се неколку пати поголеми од предвидените со програмата, ги обезбедивме од буџет од UN Women, односно сите активности ги реализиравме во соработка со канцеларијата на UN Women со седиште во Скопје, плаќањата се извршени од нивна страна така да немаме конкретна информација за цената на чинење.
Како координаторка за еднакви можности на жените и мажите од свое име и од име на општината упатувам голема благодарност до канцеларијата на UN Women во Скопје за нивната голема, експерска, менторска и финансиска подршка која ја имавме во претходниот период. Без UN Women денес тешко дека ќе бевме таму кај што сме.

Ви благодарам UN Women!

Нашите континуирани залохби и активности со кои продолжуваме се да се подобри статусот на еднаквоста на жените и мажите и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност.

**Изготвил:**
Координаторка за еднакви можности
на жените и мажите
Лидија Митовска

**Одобрено:**
Раководителка на одделение за јавни дејности,
економски развој и информатичка технологија
Валентина Ангеловска

БР. 08- 362/1
23.01.2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**